SВЕЗДИТЕ ВО ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА НА "ЗЛАТНА БУБАМАРА"

# Започна проектот "Веце со пет sвезди"



*Sвездите на "Златна бубамара" на вчерашната прес-конференција во Скопје*

Манифестацијата "Златна бубамара на популарноста" ја започна хуманитарната акција "Веце со пет sвезди" за подобрување на хигиената во тоалетите и просториите во градинките, основните училишта и болниците. Sвездите кои се добитници на наградата "Златна бубамара", се вклучија во проектот.

На вчерашната прес-конференција во ресторанот "Кај Маршалот", идејата ја презентираа поп-sвездата Каролина Гочева, актерите Нино Леви и Кирил Поп-Христов, бендот "Блу фанки индивидуалс", водителката Миа Костова и првиот човек на радиото "Бубамара" Ранко Петровиќ. Со поставени веце-шољи и тоалетна хартија во ресторанот, радиото во свој шеговит стил ја презентираше хуманитарната акција.

"Со оваа акција, тоалетите во сите училишта ќе мирисаат на пролет. Ќе овозможиме нашето најмладо граѓанство да се радува пред секое одење во веце, а родителите да бидат среќни", рече актерот Кирил Поп-Христов.

**(М.Џ.)**

# Елена на евровизиска забава во Атина



Елена Ристеска ќе биде гостинка на евровизиската забава на веб-страницата oikotimes.som, што ќе се одржи на 28 април во Атина. Забавата се организира по повод 10 години од постоењето на веб-страницата, на која Елена од неодамна е коментатор на годинешниве евровизиски песни.

- Од веб-страницата ми јавија дека, според Гугл-анализите, моите коментари за евровизиските песни досега ги прочитале 134.000 луѓе, што ми е многу драго - вели Елена.

Со телефонско јавување од Скопје, ја вклучија Елена во живо на холандската радиостаница "Радиоинтернационал, а тема на интервјуто беа нејзините искуства од Евросонг.

**(М.Џ.)**

